**20091051978**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 август 2009 година.

Бр. 07-3642/1
18 август 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се уредува трансформацијата на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (во натамошниот текст: ЈПССДП на Република Македонија).

Член 2

Под трансформација, во смисла на овој закон, се подразбира преобразување на ЈПССДП на Република Македонија, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 3

Трансформацијата на ЈПССДП на Република Македонија ќе се изврши со поделба на постојното ЈПССДП на Република Македонија, на следниве субјекти:

1) Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и

2) Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост.

Член 4

(1) Трансформацијата на ЈПССДП на Република Македонија ќе биде извршена согласно со Планот за поделба на ЈПССДП на Република Македонија.

(2) Планот за поделба ќе го изготви ЈПССДП на Република Македонија, врз основа на проценетата вредност на ЈПССДП на Република Македонија.

(3) Планот за поделба особено содржи одредби за начинот на кој ќе биде извршен преносот на проценетиот имот, правата и обврските на ЈПССДП на Република Македонија што ќе се пренесат на новоосновානите друштва од членот 3 на овој закон, детален опис на распределбата и утврдувањето на почетните биланси на состојбата и вработените, како и рокот во кој треба да се изготви завршната сметка и делбениот биланс на ЈПССДП на Република Македонија.

(4) Целокупниот недвижен имот што е предмет на распределба со планот за поделба се запишува во катастарот на недвижности како сопственост на Република Македонија, со прибележување на право на стопанисување на акционерските друштва од членот 3 на овој закон.

(5) Имотот стекнат согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал претставува имот на Република Македонија и се запишува во катастарот на недвижностите како сопственост на Република Македонија, со прибележување на право на стопанисување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката.

(6) Планот за поделба го верификува Владата на Република Македонија.

Член 5

Во постапката за трансформација на ЈПССДП на Република Македонија, имотот, средствата, вработените, правата и обврските на ЈПССДП на Република Македонија, ќе се поделат согласно со Планот за поделба од членот 4 на овој закон, и тоа:

1) имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со дејноста за стопанисување со станбен простор, дејноста за стопанисување со деловен простор од значење за Републиката, дејноста за изградба и продажба на имот, дејноста поврзана со реализирање на проекти од јавен интерес, како и работите за наплата на државните побарувања за управување со деловни средства по основ на трансформација преземени согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ќе се пренесат на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката и

2) имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со дејноста за стопанисување со деловен простор и акциите на ЈПССДП на Република Македонија од Градскиот трговски центар АД Скопје, ќе се пренесат на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост.

Член 6

Трансформацијата на ЈПССДП на Република Македонија не може да биде на штета на побарувањата на доверителите кон ЈПССДП на Република Македонија, по кој било правен основ.

Член 7

(1) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката се основа како акционерско друштво во државна сопственост.

(2) Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост се основа како акционерско друштво во државна сопственост со можност за негова приватизација, согласно со закон.

Член 8

ЈПССДП на Република Македонија продолжува да ги врши работите поврзани со стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија согласно со Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 2/94), до основањето и уписот во Централниот регистар на Република Македонија на друштвата од членот 3 на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден  од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.